# ЗАКЛУЧОК

Во *Écriture féminine и романот: Прилог кон феминистичката теорија на жанрот* се задржувам на книжевно-теориското истражување на женското писмо и романот како книжевен жанр. Романот како жанр со тематска, формална и стратегиска слобода, дозволува да се кршат табуата, тишините и забраните. Слободата што тој ја нуди оди паралелно со ослободувањето на жената од затворот на средновековните тишини. Во XVIII и XIX век во Европа женското творештво доживува подем. Писателките што пишувале под псевдоними се првите книжевни скулптури. Нивната борба била против вековното културолошко отсуство на жените во историјата и литературата. Со впишувањето на женската субјективност се оди од затвореност кон отвореност. Женскиот субјект низ сопствен фокус ги прикажува позитивните имагологии за женската телесна морфологија. Секоја жена е расно, родово, полово, класно и сексуално дефинирана како специфична жена. Жената е родово и сексуално конструиран женски телесен идентитет. Преку гласот на женскиот субјект може да ги проследиме спектрите од различни полови и родови перспективи во романите на жените. Секоја писателка го пронаоѓа личниот глас, визија и фокус при пишувањето. Писателката не пишува како општа категорија на жена, туку како посебна жена со сопствена телесна морфологија и јазичен израз. Женското писмо настанува во време на активните феминистички движења во Европа и светот. Феминистките претендираат да пишуваат романи и во самиот жанр интервенираат индивидуално и внесуваат промени и новитети во книжевниот канон. Преку пишувањето жените интервенираат културолошки. Терминот женско писмо како écriture féminine се појавува во 70-тите години на XX век како кованица на француската писателка Хелен Сиксу. *Смеата на Медузата* на Хелен Сиксу е прв практичен и теориски манифест на женското писмо како écriture féminine. Женското писмо е практично создавање на женски центрирани текстуални гласови. Écriture féminine е врзано со женското тело, родовите идентитети и родовите улоги на субјектите кои пишуваат. Жените се ставаат себеси во текстот и пишуваат преку телото. Целта на оваа студија ни беше да ја истражиме инскрипцијата на женската телесност и субјективност.

Во неа ги откривме женските текстуални одлики што текстот го одредуваат како écriture féminine. Изделивме тематски, формални и структурни одлики на женското писмо во роман како écriture féminine. Затоа женското писмо како écriture féminine е тип на текстуалност. Женското писмо има одредени тематски, наративни, стилски и текстуални специфики и одлики. Воедно; тоа е и практика создавана најчесто од женски родови субјекти. Écriture féminine врши трансформација на женската историја на две нивоа: на ниво на индивидуалноста на женскиот субјект и на ниво на исказноста на женскиот субјект. Жените пишуваат за индивидуалните животни ситуации, лични психологии и преку телесниот јазик интервенираат и во исказноста. Клучно ни беше да откриеме зошто и како пишуваат писателките. Писателките пишуваат со телото, а пишувањето со телото значи да се пресоздаде светот одново. Родово означеното женско искуство станува женска тема во која се пишува за животот и реалните случувања на жените. Авторката темата ја наоѓа во себе и во просторите на внатрешноста. Сметам дека има силна врска меѓу психоанализата и пишувањето. Писателката пишува преку несвесното и свесното, страстите и разумот, фактографското и фикционалното. За женскиот говор може да кажеме дека не е линеарен, „кон надвор“, едноставен, генерализиран и објектифициран. Мојата клучна теза е дека женската писателска практика е непредвидлива преку пишувањето „кон внатре“ со „белото“, „синото“ и „црвеното“ мастило. Сметам дека писателките ги испишуваат телесните гласови што настануваат во телесните органи: матката, градите и главата. Матката создава контрахиран глас што се испишува како текст-крик. Овој текст писателката го пишува со „црвеното мастило“: менструалната крв, слузта и месечните циклуси. Градите создаваат сензитивен глас што писателката го испишува во текст-молк. Овој текст писателката го испишува со „бело мастило“- млекото. Главата создава авторитетен глас што се испишува како субверзивен текст со женскиот глас. Ваквиот текст писателката го пишува со „синото мастило“: разумот, фантазијата, сонот итн. Преку овој орган жената може да создаде субверзивни дискурси. Преку гласот на писателката се пренесува мајчиниот глас како традиционална вредност што може да се преиспита, пренесе и да исцрта нови вредносни кругови. Посебна важност има јазикот, родот и гласот на тој што

говори и пишува. Во женското писмо важни се сексуалните-родовите разлики и родовите позиции од кои се говори во текстот. Женскиот дискурзивен глас е изведен преку наративни стратегии преку женскиот субјект: лик, наратор и авторка. Наративниот глас се создава преку наративни стратегии и техники. Писателките се служат со постмодернистичките наративни техники и стратегии. Меѓу машкиот и женскиот глас постојат значителни персонални, психолошки и културолошки разлики. Тие разлики се однесуваат на гласот на дискурсот и видовите на дискурсите: стереотипен и субверзивен. Во женското писмо избива женскиот светоглед, говорен стил и женската призма преку која се прави прекршување на родовите стереотипи. Тоа е хибрид или палимпсест од личното и колективното, автобиографското и фактографското и реалното и имагинарното. Женското писмо е фрагментарно, ги руши граматичките правила и си поигрува со јазикот преку заведувањето и свртувањето на завртките во означувањето на родовите искуства. Текстот е непотполн и ги содржи тишините, паузите, јазовите и контрадикторностите на значењата. Писателките најчесто имаат флуиден јазичен израз и кога пишуваат си поигруваат со значењата. Женскиот јазик е длабоко метафоричен. Ако жените пишуваат, а предвиден адресат им е женскиот колектив тогаш свесно создаваат женско писмо. Ако жените пишуваат, а предвиден аудиториум им е универзалниот колектив: машки и женски тогаш имаме две ситуации:

- Авторките свесно не создаваат женско писмо туку се приклонуваат кон традиционалниот модел на текст што не сака да изврши интервенција во гласот на традицијата, историјата и филозофијата.
- Ако писателките свесно пишуваат женско писмо тогаш го субвертираат традиционалниот модел на текст и создаваат феминистички модел на текст. Така се врши субверзија на гласот на традицијата и се донесуваат промени во колективната свест. Женското писмо затоа е секогаш субверзивно писмо. Писателката се служи со субверзијата на ниво на систем и на ниво на јазик.

Во *Écriture féminine и романот: Прилог кон феминистичката теорија на жанрот* ги изделувам следниве три модели на женско писмо во роман:

- Женско писмо ткаење на текстот (женска пајажина);
- Герила женско писмо;
- Субверзивно јазично женско писмо.

Секој од овие три модели на женско писмо има по десет формално-структурни одлики, а кои секој модел го одредуваат како феминистички модел на текст. Во апликативниот дел врз избран корпус на романи од англискиот, францускиот и македонскиот контекст ги прикажавме трите модели на женско писмо во роман. Романите *Кон светилникот* на Вирџинија Вулф и *Куклите на Росица* од Оливера Николова спаѓаат во моделот ткаење на текстот (женска пајажина). Романите *Орландо: Биографија* од Вирџинија Вулф и *Скриена камера* од Лидија Димковска спаѓаат во моделот герила женско писмо. *Љубовникот* од Маргерит Дирас и *Помеѓу* од Ирена Јорданова ги имаат формално-структурните одлики на третиот модел субверзивно јазично женско писмо. Преку ваквиот апликативен корпус романи докажавме дека трите модели на женско писмо во роман ги има во светската и во националната книжевност.